УП2

# ПРОЦЕСОТ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И НЕГОВИТЕ ФАЗИ

# ПРОЦЕСОТ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И НЕГОВИТЕ ФАЗИ

**50-ти: план на конечна состојба** – **секторски студии, први експлицитни урбанистички методи – сито карти; моделирање и студии за сообраќај; трасирање на патот кон рационалниот пристап преку објективизирање на сите фази на процесот на планирање**

**60-ти: период на премин од планирање на конечната состојба кон рационално планирање** – **влијание на теоријата на системи и теоријата на одлучување Градот претставува систем со дефинирани подсистеми: градските делови се набљудуваат како поврзани *системи на активности*, континуиран процес со повратни спреги.**

**70-ти: рационално планирање** – **процес кој ги опфаќа експлицитното формулирање на целите, подготовката и оценувањето на алтернативните решенија и цикличен „процес на учење“ (континуирано планирање)**

**90-ти: консензусно планирање** – **партиципација на јавноста, размена и подеднакво располагање со информации, расправа и „преговарање“. Доаѓање до консензус на заинтересираните страни, а не мајоризација на мнозинската страна**

**00-ти: интегрирано планирање** – **процес кој ги обединува во единствена целина рационалното планирање, консензусното планирање и „урбаниот дизајн“ (Филип Берк et al.) во кој свое место земаат и мноштвото на „влезни“ информации, денес достапни поради употребата на новите дигитални технологии** (разни мерења, достапност на „real time“ состојби, сателитски снимки, gis системи итн.)

## ПРОЦЕСОТ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И НЕГОВИТЕ ФАЗИ

Методологијата на урбанистичко планирање е алатка која овозможува систем на постапки и начини за да го анализира, планира и обликува изградениот (градски) простор

**„Стратегија претставува план на активности направен за да се постигнат долгорочни и/или сеопфатни цели. Стратегијата претставува процес во кој свое влијание имаат различни чинители.“**

Урбанистичкото планирање претставува **стратегиски дискурс** со која се опфаќаат и решаваат проблемите и се контролира комплексноста на изградениот и неизградениот простор во рамките на градот и надвор од него

# ПРОЦЕСОТ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И НЕГОВИТЕ ФАЗИ

Современото урбанистичко планирање (според Berke et al.) треба да претставува спој на **рационалното планирање**, **консензусното планирање** и **урбанистичкото обликување (урбан дизајн)** во единствен интегриран, односно „колаборативен“ модел на планирање.

**Рационалното планирање** се темели на аналитичко мислење, кое систематски прогресира од поставување на цели, преку изработка на алтернативните решенија, избор на најсоодветно решение до негово спроведување и мониторинг.

Градењето на **консензус** како основа на планирањето **има за цел да ги вклучи заинтересираните поединци и групи во процесот на планирање преку нивна партиципација и идентификација на заеднички прифатливи цели и решенија**, кои треба да резултираат со нови идеи и креативни решенија во процесот на планирање.

**Урбанистичкото обликување (урбаниот дизајн)** е дел од процесот на интегрирано планирање и тој има најдолга традиција, произлегува од „планирањето на крајна состојба“ и во овој контекст има за цел планерите да ги постави во повеќекратна улога која ги вклучува во примената на принципите

Интегрирана методологија на урбанистичко планирање

**Рационалното планирање**

**+**

**Консензуално планирање**
**и**
**Урбанистичко обликување**

# ПРОЦЕСОТ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И НЕГОВИТЕ ФАЗИ

Современото урбанистичко планирање (според Berke et al.) треба да претставува спој на **рационалното планирање**, **консензусното планирање** и **урбанистичкото обликување (урбан дизајн)** во единствен **интегриран**, односно „колаборативен“ модел на планирање.

**Рационалното планирање** се темели на аналитичко мислење, кое систематски прогресира од поставување на цели, преку изработка на алтернативните решенија, избор на најсоодветно решение до негово спроведување и мониторинг.

Градењето на **консензус** како основа на планирањето **има за цел да ги вклучи заинтересираните поединци и групи во процесот на планирање преку нивна партиципација и идентификација на заеднички прифатливи цели и решенија**, кои треба да резултираат со нови идеи и креативни решенија во процесот на планирање.

**Урбанистичкото обликување (урбаниот дизајн)** е дел од процесот на интегрирано планирање и тој има најдолга традиција, произлегува од „планирањето на крајна состојба“ и во овој контекст има за цел планерите да ги постави во повеќекратна улога која ги вклучува во примената на принципите

Интегрирана методологија на урбанистичко планирање

**Рационалното планирање**

**+**

**Консензуално планирање**
**и**
**Урбанистичко обликување**

**Фази на процесот на урбанистичко планирање**

1. План за планирање на просторот
2. Информациска основа
3. Анализа на состојбите и проблемите
4. Формулација на потреби, цели, критериуми и програмски барања
5. Изработка на алтернативни решенија
6. Евалуација на алтернативите и избор на оптимално решение
7. Изработка и донесување на планот
8. Спроведување на планот и мониторинг

## 1. План за планирање

*Произлегува од сознанијата за состојбата на просторот, изразените потреби на населението или артикулирана политичка волја;*

- Утврдување на општи цели кои планирањето треба да ги исполни;
- Детерминирање на рокови и средства за изработка на планот;

## 2. Информациска основа

*Прибирање, чување, обработка и дисеминација (споделување) на податоците:*

- Утврдување на видот на податоци што треба да се прибираат, начинот на кој се прибираат и начинот на кој се претставуваат;
- Идентификација на клучните елементи што треба да бидат вклучени во информацискиот систем;
- Обновување на податоците во утврдени циклуси и нивно објавување/достапност;
- Систем на предупредување и клучни променливи.

**Фази на процесот на урбанистичко планирање**

1. **План за планирање на просторот**
2. **Информациска основа**
3. Анализа на состојбите и проблемите
4. Формулација на потреби, цели, критериуми и програмски барања
5. Изработка на алтернативни решенија
6. Евалуација на алтернативите и избор на оптимално решение
7. Изработка и донесување на планот
8. Спроведување на планот и мониторинг

## 3. Анализа на состојбите и проблемите

*Анализа на состојбите на просторот во минатото и сегашноста, анализа на планските документи – поранешни и актуелни, детектирање на проблемите во следните подрачја:*

- Природни чинители
- Население
- Дејности (стопански и нестопански)
- Активности и квалитет на просторот
- Користење и намена на земјиштето
- Инфраструктура (сообраќајна и комунална)
- Животна средина

*Анализата е условена од нивото на планирањето (видот на планот) и доминантните проблеми.*

**Анализата на состојбите и проблемите треба да ги трансформира недефинираните ситуации во <u>употребливи целини на факти, проценки</u> и <u>критериуми за одлучување</u>.**

**Оваа фаза опфаќа:**

- опис на постојната состојба на релевантните системи
- опис на планираната состојба на релевантните системи,
- опис на степенот на реализација на планските решенија,
- идентификација на проблемите и анализа на структурата на проблемите.

***„Добро дефиниран проблем е половина решение" – без соодветно дефинирани проблеми решаваме погрешни или непостоечки проблеми.***

**Фази на процесот на урбанистичко планирање**

1. План за планирање на просторот
2. Информациска основа
3. **Анализа на состојбите и проблемите**
4. Формулација на потреби, цели, критериуми и програмски барања
5. Изработка на алтернативни решенија
6. Евалуација на алтернативите и избор на оптимално решение
7. Изработка и донесување на планот
8. Спроведување на планот и мониторинг

# 3. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ И ПРОБЛЕМИТЕ

**Фази на процесот на урбанистичко планирање**

1. План за планирање на просторот
2. Информациска основа
3. **Анализа на состојбите и проблемите**
4. Формулација на потреби, цели, критериуми и програмски барања
5. Изработка на алтернативни решенија
6. Евалуација на алтернативите и избор на оптимално решение
7. Изработка и донесување на планот
8. Спроведување на планот и мониторинг

## Состојби и проблеми кои се анализираат!

- Природни чинители
- Население
- Дејности (стопански и нестопански)
- Активности и квалитет на просторот
- Користење и намена на земјиштето
- Инфраструктура (сообраќајна и комунална)
- Животна средина

## ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ:

- Абиотски фактори (физички наспрема биолошки ентитети)
- Биотски фактори (дел кој се однесува на „живите“ организми)

***- Абиотски фактори:***

1. *Географски податоци:* географски карактеристики на територијата на планскиот опфат, показатели на географските големини: површини на вода, планини, рамници и сл.
2. *Топографски и геоморфолошки податоци:* топографски карактеристики на релјеф, просторна диспозиција на нагиби, висинска разгранетост.
3. *Геолошки податоци:* стратиграфија, состав и старост на карпите, минерални суровини, природни извори на градежни материјали.
4. *Геомеханички податоци:* геомеханички карактеристики на теренот, носивост на тлото, клацификација на терените.
5. *Педолошки карактеристики на почвата:* структура и типови на почви, класа на земјиште, деградирани почви, искористеност
6. *Сеизмолошки податоци:* сеизмолошки карактеристики на територијата, сеизмолошка микрореонизација.
7. *Хидрографски податоци:* сливни подрачја, водотеци, поплави и порои, водоснабдувачки потенцијал и капацитети за индустриски, технички, комунални и енергетски потреби.
8. *Климатски и микроклиматски показатели:* климатски и микроклиматски услови, температури, инсолација, врнежи и влажност, облачност, ветровитост и ружа на ветрови

***- Биотски фактори:***

1. *Флора:* флорни биотопи – природна растителност, просторна разместеност на вегетацијата, еколошка групираност на растителни биоценози, флорни погодности и непогодности, загрозени флорни типови, артефициелни биоценози – парк шуми, паркови и сл.
2. *Фауна:* животински биотопи, животински биоценози, погодности и непогодности од аспект на фауна, лов и риболов, загрозени видови...

**Фази на процесот на урбанистичко планирање**

1. План за планирање
2. Информациска основа
3. **Анализа на состојбите и проблемите**
4. Формулација на потреби, цели, критериуми и програмски барања
5. Изработка на алтернативни решенија
6. Евалуација на алтернативите и избор на оптимално решение
7. Изработка и донесување на планот
8. Спроведување на планот и мониторинг

**- Природни чинители**
- Население
- Дејности (стопански и нестопански)
- Активности и квалитет на просторот
- Користење и намена на земјиштето
- Инфраструктура (сообраќајна и комунална)
- Животна средина

**НАСЕЛЕНИЕ:**

***Демографска состојба:***

- Бројно движење на населението претставува основа за утврдување на вкупниот потребен простор кој треба да се зафати за развој на населбата
- Состав и карактеристики на населението обезбедува претстава за квалитативните аспекти на населението како возрасни групи, големина на домаќинствата, економска моќ... потреби на секој сегмент на животниот циклус кои се реперкуираат врз димензиите на просторот неопходен за нивно задоволување
- Просторна дистрибуција на населението обезбедува претстава за можните дистрибуции на различните намени во просторот.

***Демографски проекции и предвидувања:***

- Проекциите се резултат на мерења и екстраполации на трендовите базирани врз прецизни статистички правила
- Предвидувањата вклучуваат во себе аспекти на влијанието врз демографските текови кои произлегуваат од општата социоекономска состојба.

**ДЕЈНОСТИ** (стопански и нестопански):

Клучен аспект на развојот на населбите од кој зависи нивната виталност е обемот и карактерот на производството и дистрибуцијата на добра и услуги поврзани со нив, кои обезбедуваат услови за вработување, а условите за вработување привлекуваат население.

Економската виталност на населбата овозможува јавни зафати, а економската виталност на жителите и фирмите ги условува сите активности поврзани со личната потрошувачка и приватните инвестиции.

Општата поделба на стопанските и нестопанските дејности ги дели истите на примарни, секундарни и терцијарни дејности.

**Фази на процесот на урбанистичко планирање**

1. План за планирање
2. Информациска основа
3. **Анализа на состојбите и проблемите**
4. Формулација на потреби, цели, критериуми и програмски барања
5. Изработка на алтернативни решенија
6. Евалуација на алтернативите и избор на оптимално решение
7. Изработка и донесување на планот
8. Спроведување на планот и мониторинг

- Природни чинители
- **Население**
- **Дејности (стопански и нестопански)**
- Активности и квалитет на просторот
- Користење и намена на земјиштето
- Инфраструктура (сообраќајна и комунална)
- Животна средина

**АКТИВНОСТИ И КВАЛИТЕТ НА ПРОСТОРОТ:**
Наместо работење со широко агрегирани податоци од претходните сегменти, овде се работи за претпоставување на архетипски видови семејства, фирми и институции и моделирање на нивното однесување како основа за додавање на квалитативни аспекти на квантитативните показатели од претходните анализи.
Од оваа анализа треба да произлезат локациски барања како и претстави за карактерот на просторите во кои овие активности ќе се одвиваат.

**КОРИСТЕЊЕ И НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО:**
Анализа на постојната употреба/користење и намена на земјиштето
Анализа на состојбата на неизграденото земјиште
Анализа на изградените делови од аспект на намената, системот на градба, квалитетот на градежниот фонд и опременоста и степенот на уреденост на просторот

**ИНФРАСТРУКТУРА:**
Сообраќајни системи (колски, пешачки, велосипедски, шински, воден, воздушен)
Утилитарни системи (водовод, канализација, електрика, греење, гас)
Комуникациски системи (пошта, радио, телевизија, фиксна и мобилна телефонија, кабелски системи...)

**ЖИВОТНА СРЕДИНА:**
Со промената на општествените вредности и сфаќања напуштен е концептот на хомоцентрично планирање кое ја експлоатира природата. Денес преовладува ставот дека природната средина е комплексна организација на меѓузависни процеси кои имаат сопствена логика од која во крајни консеквенции произлегува концептот за одржлив развој, како темелен принцип во современото урбанистичко планирање.
Анализата на состојбите и проблемите во животната средина се основа за формулирање на стратегијата на управување со животната средина во следната фаза.

**Фази на процесот на урбанистичко планирање**

1. План за планирање
2. Информациска основа
3. **Анализа на состојбите и проблемите**
4. Формулација на потреби, цели, критериуми и програмски барања
5. Изработка на алтернативни решенија
6. Евалуација на алтернативите и избор на оптимално решение
7. Изработка и донесување на планот
8. Спроведување на планот и мониторинг

- Природни чинители
- Население
- Дејности (стопански и нестопански)
- **Активности и квалитет на просторот**
- **Користење и намена на земјиштето**
- **Инфраструктура (сообраќајна и комунална)**
- **Животна средина**

## 4. Формулација на потреби, цели, критериуми и програмски барања (ПРОЕКЦИИ НА РАЗВОЈ)

- Дефинирање на потребите кои треба да бидат задоволени со урбанистичкото планирање, утврдување на приоритетни потреби, формулација на програмски барања;
- Ревидирање на општите и утврдување на посебни цели кои планирањето треба да ги исполни;
- Дефинирање на критериуми кои ќе овозможат следење на степенот на остварување на целите и ќе служат како основа на системот за предупредување.

Појдовен став во утврдувањето на ПРОЕКЦИЈАТА НА РАЗВОЈОТ е дека **населението, неговите активности и просторот во кој тие се реализираат се меѓусебно поврзани и зависни**.
Иако од практични причини проекциите се раздвојуваат по видови (население, активности/дејности и животна средина), мора да се има предвид нивното взаемно делување и влијанието на проекцијата на населението врз стопанските дејности и обратно, како и нивното влијание врз нестопанските дејности, домувањето итн.
Овие проекции имаат свои просторни реперкусии изразени низ локациски и просторни барања, што ја нагласува синергичноста на проекциите за населението, активностите и просторот.

**Фази на процесот на урбанистичко планирање**

1. План за планирање на просторот
2. Информациска основа
3. Анализа на состојбите и проблемите
4. **Формулација на потреби, цели, критериуми и програмски барања**
5. Изработка на алтернативни решенија
6. Евалуација на алтернативите и избор на оптимално решение
7. Изработка и донесување на планот
8. Спроведување на планот и мониторинг

## 4. ФОРМУЛАЦИЈА НА ПОТРЕБИ, ЦЕЛИ КРИТЕРИУМИ И ПРОГРАМСКИ БАРАЊА (ПРОЕКЦИИ НА РАЗВОЈ)

**1. Проекција на развојот на населението ги опфаќа:**
-Стапката на идниот природен прираст
-Стапката на идниот механички прираст
-Вкупниот прираст на населението и неговата структура
-Прирастот на населението во периоди релевантни за планот.

При проекциите мора да се земат предвид квантитативните и квалитативните карактеристики на населението како и причините за механичкиот прираст.

**2. Проекција на развојот на активностите ги опфаќа проекциите на стопанските и нестопанските дејности и домувањето**.
-Проекцијата на развојот на стопанските дејности може да се прави преку екстраполација на трендовите, со прогноза на основа на продуктивноста, со раздвојување на проекцијата по сектори, итн.
- Проекцијата на развојот на нестопанските дејности опфаќа проекција на потребите во здравството, социјалната заштита, образованието, културата, спортот и рекреацијата, услужните дејности, локалната и централната администрација итн.
-Проекцијата на развојот на домувањето се изведува преку утврдувањето на станбените потреби како резултанта на постојниот стандард на домување и задоволеноста на станбените потреби, стандардот на домување во планскиот период и проекцијата на вкупниот прираст на населението и неговата структура.

**Фази на процесот на урбанистичко планирање**

1. План за планирање
2. Информациска основа
3. Анализа на состојбите и проблемите
4. **Формулација на потреби, цели, критериуми и програмски барања**
5. Изработка на алтернативни решенија
6. Евалуација на алтернативите и избор на оптимално решение
7. Изработка и донесување на планот
8. Спроведување на планот и мониторинг

**Дефинирање на:**
**потреби, цели и критериуми**
**(проекција на развој)**

**3. Стратегија на управување со животната средина претставува интегрален дел на програмските основи на планот и таа подразбира:**

-Усклaдување на стопанскиот, технолошкиот и урбаниот развој со природните ресурси;
-Управување со користењето на необновливите ресурси;
-Рационализација на сите форми на потрошувачка на енергија, суровини, води, простор...
-Санација на постојните извори на загадување и
-Примена на концептот на „одржлив развој“ кој подразбира ефикасност во употребата и заштита на необновливите ресурси и рационално користење на обновливите ресурси.

**Фази на процесот на урбанистичко планирање**

1. План за планирање
2. Информациска основа
3. Анализа на состојбите и проблемите
4. **Формулација на потреби, цели, критериуми и програмски барања**
5. Изработка на алтернативни решенија
6. Евалуација на алтернативите и избор на оптимално решение
7. Изработка и донесување на планот
8. Спроведување на планот и мониторинг

**Дефинирање на:**
**потреби, цели и критериуми**
**(проекција на развој)**

**ПРОГРАМСКИТЕ БАРАЊА** исто така се определуваат врз основа на утврдените ПРОЕКЦИИ НА РАЗВОЈ и целите кои треба да се остварат со планот.
**Основата на утврдувањето на програмските барања ја претставуваат просторните реперкусии на проекциите за развој и стратегијата на управување со животната средина.**
Заради степенот на неизвесност кој е поврзан со сите проекции во планирањето на просторот, системот на планирање треба да инкорпорира механизми на флексибилност кои ќе можат да ги акомодираат непредвидените состојби

**Просторните реперкусии од проекциите за развој се изразуваат преку *локациски и просторни барања***, најчесто директно поврзани со примената на *нормативи и стандарди* во урбанистичкото планирање или со имплементација на дисциплинарните преференции во конкретните услови на просторен развој.

Постојат два вида стандарди кои се применуваат во формулирањето на програмските потреби:
-**Стандарди на достапност и комфор**
Овие стандарди се од типот на директна спецификација. Тие најчесто имаат форма на минимални или максимални величини.
-**Стандарди на перформанси.**
Стандардите на перформанси се изведуваат посредно врз основа на реперкусиите на одредени активности врз просторот.

Стандардите се инструменти за насочување и тие не треба да се апсолутизираат. Во планирањето при примената на стандардите треба да се тежнее кон користење на оптимуми повеќе отколку на минимуми.

**Фази на процесот на урбанистичко планирање**

1. План за планирање
2. Информациска основа
3. Анализа на состојбите и проблемите
4. **Формулација на потреби, цели, критериуми и програмски барања**
5. Изработка на алтернативни решенија
6. Евалуација на алтернативите и избор на оптимално решение
7. Изработка и донесување на планот
8. Спроведување на планот и мониторинг

**Дефинирање на:**
**Програмски барања**
**(проекција на развој)**

## 5. Изработка на алтернативни решенија

*Планирање во потесна смисла на зборот со кое се врши дистрибуција на намените и се утврдува густината и интензитетот на изграденост на градскиот простор:*

- Изработка на алтернативи на просторниот развој на градот;
- Различни стратегии на планирање на просторот во зависност од доминантните проблеми или тенденции на развој;
- Експлицитно прикажување на предностите и недостатоците на одделните решенија и степенот на оствареност на целите на планот;

## 6. Евалуација на алтернативите и избор на оптимално решение

- Врз основа на утврдените критериуми (бр.4) се врши евалуација на понудените решенија;
- Се врши избор на оптималното решение и се утврдува евентуалната потреба за негово дополнување со елементи на други алтернативи.

**Фази на процесот на урбанистичко планирање**

1. План за планирање на просторот
2. Информациска основа
3. Анализа на состојбите и проблемите
4. Формулација на потреби, цели, критериуми и програмски барања
5. **Изработка на алтернативни решенија**
6. **Евалуација на алтернативите и избор на оптимално решение**
7. Изработка и донесување на планот
8. Спроведување на планот и мониторинг

## 7. Изработка и усвојување на планот

- Избраното решение се изработува како целосна планска документација со сите елементи кои ги пропишуваат законските и подзаконските акти. Поедноставено, станува збор за техничка трансформација на избраното решение во плански документ;
- Усвојување на планот низ пропишаната законска постапка.

## 8. Спроведување на планот и мониторинг

- Спроведување на планот низ законски утврдена постапка;
- Мониторинг / Следење на степенот на остварување на планот и на промените во просторот како основа за евентуална измена на планот, што ги претставува „процесот на учење“ и повратната спрега помеѓу фазите 1 и 8.

**Фази на процесот на урбанистичко планирање**

1. План за планирање на просторот
2. Информациска основа
3. Анализа на состојбите и проблемите
4. Формулација на потреби, цели, критериуми и програмски барања
5. Изработка на алтернативни решенија
6. Евалуација на алтернативите и избор на оптимално решение
7. **Изработка и донесување на планот**
8. **Спроведување на планот и мониторинг**

**Од особено значење за процесот на урбанистичкото планирање е континуираната партиципација на јавноста (поединци, групи, правни субјекти...) во целината на процесот на планирање**

Особено во фазите 1 (План за планирање на просторот), 4 (Формулација на потреби, цели, критериуми и програмски барања) и 6 (Евалуација на алтернативите и избор на оптимално решение) бидејќи тогаш се дефинираат идејните правци на планот.